РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-565/5

21-03-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63- та седница одржана на ден 15.03.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4982/1 од 29.10.2019 година година оформен по пријава со наводи против одлука за избор на кандидати по оглас за вработување во ЈЗУ Здравствен дом -------- -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за случајот постапиле други надлежни органи во рамките на нивните законски надлежности и не констатирале неправилности во предметната постапка за вработување, што значи дека не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-4982/1 од 29.10.2019 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-4982/1 од 29.10.2019 година, по која е оформен предмет со наводи против одлука за избор на кандидати по оглас за вработување објавен во месец јули 2019 година од страна на ЈЗУ Здравствен дом -------- ---------------- и наводи за сомневање во постапувањето и одлучувањето на раководството и комисијата за одлучување на оваа здравствена установа. Кон пријавата е приклучено и дополнување заведено во ДКСК под архивски број 12-4982/2 од 30.10.2019 година, а кое е доставено од страна на истиот подносител. Во конкретниот случај станува збор за оглас за вработување на доктори, акушерски со ССС, акушерки со ВМС, медицински сестри со ССС, лаборанти, стоматолошка сестра во наведениот здравствен дом кој бил заведен во установата под број -------- од 19.07.2019 година и кој бил објавен на ден 23.07.2019 година во два дневни весници од страна на В.Д. Директорот на оваа јавна здравствена установа. На наведениот оглас биле пријавени повеќе кандидати од различни профили,а според подносителите на пријавата овој оглас поминал со низа нерегуларности кои оставале сомнежи за исправноста на самиот оглас.

Во дополнувањето кон пријавата, се известува по предметниот оглас за вработување дека биле поднесени приговори, поради сомневање дека постоел непотизам и дека на овој оглас биле вработени сите второ, трето, четврто рангирани кандидати. Исто така, подносителите се сомневале дека систематизацијата и планот за вработување во предметната јавна здравствена установа биле менувани неколку пати во текот на годината, се со цел да степенот на образование да одговара на стручната подготовка на кандидатите кои требало да бидат примени по партиска линија, или пак по однос на промена на траењето на работното искуство кое било потребно за вработување на некои работни позиции предвидени во наведениот оглас, како и предвидување на нови работни позиции иако реално немало потреба од истите. Од ДКСК се бара да се поништи целата незаконска постапка за избор на кандидати за

вработување како би се овозможило нова законска постапка за избор на најдобрите кандидати според прикажаните резултати, а не спрема нивната партиската припадност .

Заради утврдување на фактичката состојба за овој пријавен случај, ДКСК достави барања за податоци и информации до Министерството за здравство и до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по кои е постапено и доставени се бараните информации со прилог документација. По извршениот увид во доставената документација ДКСК го констатира следново:

- До Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен биле доставени пет жалби во врска со предметниот оглас за вработување објавен на ден 23.07.2019 година на ЈЗУ Здравствен дом -------- ----------------, по кои било постапено и биле донесени поединечни Решенија кои биле проследени до надлежниот првостепен орган на нивно натамошно постапување.

- Државниот санитарен и здравствен инспекторат ПО -------, како надлежна инспекциска служба при Министерството за здравство, постапил по барањето на ДКСК и извршил вонреден инспекциски надзор над примената на Законот за здравствена заштита во предметната јавна здравствена установа во однос на наведениот оглас за вработување на здравствени работници. Вонредниот инспекциски надзор бил извршен на ден 17.02.2021 година при кој со записник била констатирана фактичката состојба и не биле утврдени неправилности во постапката за вработување односно, од извршениот увид во досиејата на примените кандидати на различните профили констатирано е дека ги има сите потребни документи кои се барани на огласот, за д-р има прилог лиценци за работа а за средно медицинскиот персонал приложени се уверенија за положен стручен испит.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за предметниот случајот постапиле други надлежни органи во рамките на нивните законски надлежности и не констатирале неправилности во предметната постапка за вработување, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК